СООПШТЕНИЕ

Ректорскиот колегиум на УКЛО врз основа на извештајот од Работната група за проверка на пристигнатите пријави за избор на најдобри научници на УКЛО за академската 2022/23 г. на седницата одржана 10.11.2023г. ги заседе следните ставови:

**Најдобар научник на УКЛО е проф. д-р Анка Трајковска Петкоска од Технолошко-техничкиот факултет – Велес**. Во академската 2022/23, во првиот квартал на Scopus базата на податоци, со вкупно објавени 5 труда со вкупен рејтинг (CiteScore) 35,3. Наградата е диплома, плакета и парична награда во износ од 40.000 денари.

Второ место во категоријата најдобар научник: проф. д-р Весна Антовска Книгхтс од Технолошко -техничкиот факултет – Велес. Во академската 2022/23, во првиот квартал на Scopus базата на податоци, со вкупно објавени 3 труда, со вкупен рејтинг (CiteScore) 18. Наградата е диплома и парична награда во износ од 20.000 денари.

Трето место во категоријата најдобар научник :проф. д-р Билјана Трајковска од Факултетот за биотехнички науки – Битола. Во академската 2022/23, во првиот квартал на Scopus базата на податоци, со вкупно објавени 2 труда со вкупен рејтинг (CiteScore) 7,3. Наградата е диплома и парична награда во износ од 10.000 денари.

**Најплоден научник на УКЛО е проф. д-р Рената Петревска Нечкоска од Економскиот факултет – Прилеп.** Во академската 2022/23, во Scopus базата на податоци со вкупно објавени 10 труда. Наградата е диплома, плакета и парична награда во износ од 40.000 денари.

Второ место во категоријата најплоден научник: проф. д-р Анка Трајковска Петкоска од Технолошко - техничкиот факултет – Велес. Во академската 2022/23, во Scopus базата на податоци со вкупно објавени 7 труда. Наградата е диплома и парична награда во износ од 20.000 денари.

Трето место во категоријата најплоден научник е проф. д-р Билјана Трајковска од Факултетот за биотехнички науки - Битола . Во академската 2022/23, во Scopus базата на податоци со вкупно објавени, 4 труда. Наградата е диплома и парична награда во износ од 10.000 денари.

Пофалници во категоријата најплоден научник на УКЛО се доделуваат на:

Проф. д-р Весна Антовска Книгхтс од Технолошко - техничкиот факултет – Велес за објавени 3 труда во Scopus базата на податоци

Проф. д-р Иванка Несторовска од Факултетот за туризам и угостителство – Охрид за објавени 2 труда во Scopus базата на податоци.

Проф. д-р Ангелина Станојовска од Правниот факултет – Кичево за објавени 2 труда во Scopus базата на податоци.

Во категоријата најактивен научник не се доделуваат награди, но се доделува:

- Благодарница и паричен износ од 20.000 денари на проф. д-р Дијана Блажековиќ - Димовска од Факултетот за биотехнички науки – Битола, за реализација на бројни активности од кои дел референцираат кон веб порталите и базите на податоци на УКЛО.
- Пофалница на пред. м-р Денис Арсовски од Високата медицинска школа, за реализација на бројни активности поврзани со УКЛО.

СООПШТЕНИЕ

Наградите и пофалниците ќе се доделат на свеченост по повод Патрониот празник на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

УКЛО им честита на наградените и се надева на поголем одзив наредната година.